

Шпаркасе Банка
# ВРАБОТУВА

# СОРАБОТНИК ЗА ДИГИТАЛНИ КАНАЛИ



**ЛОКАЦИЈА**
СКОПЈЕ, Дирекција за развој на производи и маркетинг/ Оддел за картички и дигитални канали/ Служба за дигитални канали

| | | | |
|---|---|---|---|
| **200 години групациско искуство -Erste & Steiermärkische Sparkasse** | **повеќе од 200.000 клиенти во земјата** | **36 експозитури** | **посветеност, кредибилитет и сигурност** |

Доколку имаш желба да бидеш дел од динамичен банкарски тим кој со отворен ум ги прифаќа секојдневните предизвици, имаш позитивен пристап во работата, покажуваш ентузијазам секогаш да бидеш најдобар во тоа што го работиш, имаш желба да учиш и да се развиваш преку организацијата и се трудиш да изнајдеш иновативни и креативни начини за реализација на задачите, а воедно ти е важно да работиш во средина во која се вреднува тимскиот дух и фер однесување, те охрабруваме да ни се придружиш и заедно со нас секојдневно да ги живееш нашите корпоративни вредности!

## Што ќе биде твојата улога

- Контрола и одобрување на барањата за користење, промена и откажување на дигиталните сервиси на Банката
- Контрола и одобрување на барањата за автентикациските механизми за пристап и валидација на налози преку дигиталните сервиси на Банката
- Контрола на процесот на внесување на дигитални сертификати во системот на електронско банкарство
- Обезбедување континуитет во изработката на дигитални сертификати и контрола на формуларите за регистрација на дигитални сертификати
- Контрола и спроведување на одобрување на барањата за дигитален сертификат и генерирање на дигитален сертификат на УСБ-токен и обновата на дигитални сертификати
- Контрола и спроведување на одобрение на барања за поништување на дигитални сертификати и нивно укинување во банкарскиот систем
- Мониторинг на налози реализирани преку дигиталните канали
- Комуникација со експозитурите за примопредавање на документацијата поврзана со издавањето на дигиталните сертификати
- Поддршка на експозитурите во однос на барањата и дистрибуцијата на дигиталните канали
- Поддршка на клиентите во однос на дигиталните канали и клиентските барања и потреби
- Изработка и анализа на извештаи за перформансот и продажбата на дигиталните канали и активностите
- Учество во проекти поврзани со продукти и услуги од Банката кои се поврзани со дигиталните канали
- Координација на тестирањето на новите производи и услуги кои се нудат преку дигиталните канали
- Иницирање и следење на процесот за изработка на процедури и упатства за користење на дигиталните канали

## Кои квалификации се потребни

- ВСС, Акредитирани високо образовни институции во РСМ
- Минимум 1-3 години работно искуство во областа
- Претходно банкарско искуство на позицијата ќе се смета за предност
- Одлично познавање на основните информатички вештини (Microsoft Office) и активно познавање на англиски јазик писмена и усна комуникација
- Познавање од областа на дигитални сертификати, платен промет и инструменти на платен промет во земјата и странство, познавање на работата на дигиталните канали
- Тимска работа, прецизност, одговорност, способност за планирање и одлучување, самоиницијатива, аналитичко размислување и вештина за решавање на проблеми, препознавање на ризикот во работењето

## Кои ќе бидат твоите придобивки

- Обезбедена обука за работа
- Континуирана обука и можност за кариерен развој во банкарската групација Erste & Steiermärkische Sparkasse
- Приватно здравствено осигурување
- Конкурентна плата и дополнителни надоместоци
- Мотивирачка организациска култура во која се почитува иницијативноста, ангажманот, но и тимскот дух
- Настани и активности за добросостојбата на вработените (employee's wellbeing)

Те охрабруваме да ја искористиш оваа можност и да аплицираш на отворената позиција со испраќање на CV и мотивационо писмо на **kariera@sparkasse.mk** заклучно со **08.11.2023** со назнака **„Апликација за СОРАБОТНИК ЗА ДИГИТАЛНИ КАНАЛИ ".**

** Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост. Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг на селекција ќе бидат повикани на интервју.*

** Ве молиме за доставување на согласност Вашите податоци и поднесени документи да се чуваат во базата на податоци на Банката во период од 6 месеци, доколку сте согласни со истото. Оваа согласност кандидатот може да ја повлече во секое време со писмено барање.*

За дополнителни информации, посетете ја страницата www.sparkasse.mk.

Те очекуваме!

**ТИ ЈА ПРАВИШ РАЗЛИКАТА! #верувајвосебе #верувајвоиднината**

SPARKASSE Bank